**Порака и препораки до Владата на РМ за бегалската хуманитарна криза**

Поради погрешните политики на нашата држава, во периодот ноември 2014–2015 година најмалку 29 бегалци, вклучително бебиња, жени и деца беа усмртени по удар од воз покрај пругите на Коридорот 10. Во истиот период стотици бегалци беа незаконски притворени во Прифатниот центар за странци во Гази Баба каде неколку месеци поминуваа во крајно нечовечки услови, со над 300% пренатрупаност што е еднакво на тортура. И покрај тоа што оваа негативна пракса беше прекината кон средината на годинава, денес во Гази Баба повторно се наоѓаат бегалци што треба да служат како сведоци во кривични постапки против криумчари и сторители на дела од омраза. Со тоа Македонија е можеби единствена земја во светот која притвора сведоци и жртви на кривични дела.

По прогласувањето на кризна состојба во август 2015 година, бегалците беа жртви на полициско насилство кое резултираше со загрозување на нивната сигурност и физички повреди. Во транзитниот центар во Гевгелија ЈП Македонски железници до ден денес наплатува билети за што се за три и пол пати поскапи од оние за македонските граѓани. Транзитните центри не обезбедуваат греење и водат малку грижа за најранливите категории на бегалци.

Во текот на месец ноември 2015 започна дискриминаторска селекција на бегалците врз основа на нивната земја на потекло од страна на Европската Унија. Ваквата пракса како верижна реакција се одрази на сите гранични премини на Балканската рута. Како последица, Република Македонија започна да гради ограда со што се претвори во брана преку која се пропуштаат само бегалци кои потекнуваат од Сирија, Авганистан и Ирак, а на сите останати влезот им е забранет, во спротивност на домашното и меѓународното право. Оние кои не се пропуштаат се нарекуваат „економски мигранти“ без воопшто да им се дозволи правото да побараат азил.

Сите овие погрешни политики сериозно ги повредија основните права на бегалците. Македонија ги повреди правото на живот, правото на сигурност и слобода на движење, а не обезбеди заштита од нехуман третман и дискриминација. Во последниот период на нашата територија се наоѓаат десетици бегалци кои нелегално ја преминале границата и кои се чести жртви на дела од омраза и криумчарење. И покрај откривањето на неколку сторители од страна на МВР, државата во голема мера е пасивна во гонењето на овие тешки кривични дела.

#STATEOFSOLIDARITY

Поради сите наведени причини, ја повикуваме Владата на РМ:

- Да ги исполни своите обврски кон Меѓународното бегалско право и преку прекинување на дискриминаторската практика да овозможи секој бегалец поединечно да биде прифатен со целосна почит за нивното достоинство,
- Да иницира поефикасни и похумани механизми за управување со кризата во рамките на домашното законодавство и во согласност со меѓународното хуманитарно право,
- Итно да ги ослободи десетиците жртви и сведоци на кривични дела сторени против нив или во нивно присуство а кои во моментов се наоѓаат во Гази Баба,
- Да објави нулта толеранција за полициското насилство и нехуман третман,
- Да не ги дискриминира бегалците преку дополнително финансиско оптоварување со екстремно високи цени за користење на услугите од јавниот превоз,
- Да го забрза подобрувањето на условите во транзитните центри во Гевгелија и Табановце, итно да обезбеди греење за сите кои таму престојуваат и
- Да ја продолжи и зајакне соработката со домашните и странски граѓански здруженија, невладините, хуманитарните и здравствените организации.